Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

## Информација за поднесено известување за намера за изведување на Проектот: Изградба на делница 3 од Железничкиот Коридор VIII, Крива Паланка - Граница со Република Бугарија

Министерството за животна средина и просторно планирање ја известува заинтересираната јавност дека инвеститорот Министерство за транспорт и врски со седиште на ул. „Црвена Скопска Општина„ бр.4 во Скопје, достави известување за намера за изведување на проектот и утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина: Информација за поднесено известување за намера за изведување на Проектот: Изградба на делница 3 од Железничкиот коридор VIII, Крива Паланка – Граница со Република Бугарија, трасата ќе поминува на територијата на општина Крива Паланка, за потребите на Министерство за транспорт и врски од Скопје.

Трасата на оваа делница целосно ќе поминува на територијата на општина Крива Паланка, ќе започне од крајот на делницата 2 на катастарската парцела 65, во околината на село Длабочица и ќе се движи до граничниот премин Деве Баир на катастарска парцела 88,5. Оттука преку тунел бр.22, пругата преминува на територијата на Република Бугарија, кон селото Ѓушево. Должината на трасата изнесува 23,4 км.

Надлежен орган за донесување на одлуката е Министерството за животна средина и просторно планирање.

Целосното известување за намера за изведување на Проектот: Изградба на делница 3 од Железничкиот коридор VIII, Крива Паланка – Граница со Република Бугарија на територијата на општина Крива Паланка, може да се види на интернет страната на Министерството за животна средина и просторно планирање, со седиште на бул.Гоце Делчев бр. 18, 1000 Скопје. www.moepp.gov.mk

Контакт лица:
Менка Спировска–Друштво за еколошки консалтинг „ДЕКОНС–ЕМА„ ДОО
ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов„ бр.44–1/4; тел:02 3246–402
e-mail: office@ema.com.mk

Министерство за животна средина и просторно планирање
бул. „Гоце Делчев„ бр. 18, 1000 Скопје

Александар Петковски – Помошник раководител на Сектор за животна средина
бул. „Гоце Делчев„ бр. 18, 1000 Скопје,
тел: 076455460;
e-mail: a.petkovski@moepp.gov.mk

Дејана Тодоровска –Раководител на одделение
бул. „Гоце Делчев„ бр. 18, 1000 Скопје,
тел: 076455428;
e-mail: d.todorovska@moepp.gov.mk